# ИЗВЕШТАЈ

**ОД**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА 2020

**ООУ „Ванчо Николески“ - Лескоец, Охрид**



**Август, 2020**

| **Подрачје 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** |
| • Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН и успешно ги прилагодува со условите со кои располага училиштето, инфраструктурата и нагледните средства.<br>• Училиштето дава поддршка на УПОП преку училишниот инклузивен тим и посебни инклузивни тимови за секој УПОП, а и преку ангажираните образовни асистенти.<br>• Училиштето одлично го реализира Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), преку реализирање содржини на редовната настава, но и со заеднички проекти со партнер училиштето „Јунус Емре“ од Лисичани, Пласница.<br>• ППС реализира работилници за толеранција, самодоверба, ненасилно однесување, како и животни вештини од проектот „Вештини на адолесценција“ со група ученици, преку што ги развива тие особини кај учениците.<br>• Наставниците, учениците и родителите се запознаваат со наставните планови и програми на почетокот на секоја учебна година и истите може да влијаат врз начинот на нивното реализирање.<br>• Наставните планови и програми се прилагодени на карактеристиките и потребите на локалната средина.<br>• Според потребите на наставната програма наставниците секој по својот предмет организираат посета на фактори од локалната средина заради проширување на знаењата на учениците, како и во рамки на ЗГПНУ.<br>• Училиштето дава можност секој ученик самостојно да избира кој изборен наставен предмет ќе го изучува во VI, VII, VIII и IX одделение.<br>• Структурата на наставните планови и програми овозможува личен и општествен развој на учениците без разлика на нивната полова, етичка и социјална припадност.<br>• Во училиштето вон-наставните активности, исто како и наставните, им се еднакво достапни на сите ученици без никаква дискриминација.<br>• Предавањата или работилниците кои опфаќаат теми за односите меѓу половите, репродуктивното здравје, превентива од сексуално преносливи болести, ХИВ сида, заштита од пороци и се она што го реализираат Црвен Крст, МСО и други владини и невладини организации се доволно достапна и за учениците од подрачните училишта.<br>• Училиштето ги презема сите потребни мерки за заштита на здравјето и безбедност на учениците, заради што соработува со многу институции и невладини организации.<br>• Со реализација на вон-наставните активности се реализираат многу позитивни придобивки за учениците, наставниците и училиштето воопшто.<br>• Училиштето се грижи за изборот на понатамошното образование на нашите ученици.<br>• Наставниците при подготовката на планирањата имаат целосна поддршка, а исто така и се следени и поттикнувани од страна на ППС.<br>• Оперативните планови секојдневно се испраќаат на е-маил адреса во училиштето наменета за тоа.<br>• Помеѓу наставниците и учениците постои голема интеракција што се гледа преку употребата на современи методи и техники на учење.<br>• Условите во нашето училиште се доволни за да ги стимулираат учениците да учат и да постигнуваат повисоки резултати, а и постојано се подобруваат.<br>• Нашето училиште во соработка со други фактори и институции спроведува акции за помош на социјално загрозените семејства. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** |
| • Наставниците не учествуваат во изготвување на наставните планови и програми.<br>• Изборот на наставен предмет што учениците ќе го изучуваат во VI, VII, VIII и IX одделение условен е од веќе постоечкиот наставен кадар.<br>• Недоволно присуство на родителите во организација и реализација на активностите во рамки на ПМИО.<br>• Недоволна координираност на БРО и ДПИ во барањата за планирања и недоволна информираност од нивна |

страна на училишната служба за правилни планирања на годишните, тематско - процесните и оперативните планови.
- Дотраеност на компјутерската опрема и немање интернет секогаш – причина за нецелосно реализирање на планот на наставниците со примена на ИКТ во наставата.
- Немање целодневен престој за учениците.
- Нема спортска сала во Лескоец и според тоа нема услови за квалитетно реализирање на наставата по ФЗО.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**
**(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето)**

- **Искористување на било која можност за влијание врз наставните планови и програми од страна на наставниците, родителите и училиштето воопшто, посебно за во услови на вонредна состојба.**
- **Прилагодување на планирањата од наставнците врз основа на реалната состојба со реализирањето настава.**
- **Обезбедување нагласена грижа за заштита на безбедноста на здравјето на учениците и вработените во училиштето.**
- **Изнаоѓање начини за поголемо присуство и вклучување на родителите во организација и реализација на активностите во рамки на ПМИО.**
- **Решавање на проблемите со интернетот и барање начини за освежување на компјутерската опрема.**
- **Барање начини за обезбедување целодневен престој на учениците.**
- **Изградба на спортски терени во заградениот дел кај училиштето во Лескоец.**
- **Изградба на спортска сала.**

**Подрачје 2: ПОСТИГАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ**

**ЈАКИ СТРАНИ**

- За подобрување на постигањата на учениците постои безрезервна соработка помеѓу сите субјекти во училиштето кои се директно или индиректно вклучени во воспитно – образовниот процес, се организира и реализира на додатна и дополнителна настава.
- Се воведуваат современи методи и техники на работа.
- Се реализира советодавна и индивидуална работа со послабите по успех ученици од страна на педагошко – психолошката служба, консултативна работа со наставници за работа со учениците (посебно со оние со потешкотии).
- Се врши размена на искуства и обработка на корисни стручни теми на стручните активи.
- Се организираат училишни меѓуодделенски натпревари (од I до V одд.) и обезбедување можност за учество на нашите ученици на надворешно организирани натпревари и конкурси.
- Наставниците водат евиденција за напредување на секој ученик, ученичко портфолио, во кое се содржани тестови, наставни листови со повратна информација, чек листи и разни изработки.
- Постигнувањата на учениците се следат континуирано и за секој класификационен период се прават анализи на успехот по предмети, паралелки, учебни години и класификациони периоди.
- Од учебната 2018/19 година се прават споредби од на успехот на учениците при премин во средно образование.
- Успехот од година во година или од период во период варира незначително, и нема врска со никаква разлика во однос на пол, националност или етничка основа.
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби ја врши одделенскиот раководител, стручната служба и родителите.
- Во последните две години нема ученици кои го повториле одделението, ниту намерно го напуштиле истото.

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Нема слаби страни.

| ИДНИ АКТИВНОСТИ<br>(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето) |
|---|
| ➢ **Да се продолжи да се планира и реализира споредба на успехот на нашите ученици при премин во средно образование.** |

| Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР |
|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** |
| • Сиот вработен кадар во училиштето е стручен и распореден соодветно според неговото образование.<br>• Стручната служба постојано дава поддршка на наставниот кадар преку разни методи и форми.<br>• Професионалниот развој на наставниците се врши преку посета на семинари и обуки од страна на МОН и БРО и други стручни лица од одредена област, работилници, стручни активи, размена на идеи и искуства меѓу наставниците.<br>• Во последниве 2 години училиштето има организирано 2 интерни семинари со користење на расположливиот капацитет (ППС и наставници). |
| **СЛАБИ СТРАНИ** |
| • Дел од наставниците не се чувствуваат доволно стручни и компетентни за реализација на дел од наставата и потребна им е дополнителна обука.<br>• Немање средства за избор на обука и посета на семинари.<br>• Отсуство на вештини за далечинско учење и онлајн настава. |
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ<br>(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето)** |
| ➢ **Постојано да се обезбедува учество на наставниот и останатиот кадар на обуки, предавања, работилници за нивен професионален развој. Доколку тие не се обезбедуваат од надлежните МОН и БРО, самото училиште да се грижи за истото.**<br>➢ **Да се користат разни форми на професионален развој и стручно усовршување кои се подостапни за наставниците и стручните соработници (отворен час, нагледен час, дискусија, трибина, презентација пред стручен актив, работилници и сл.).**<br>➢ **Јакнење на капацитетите од воспитно – образовниот кадар за далечинско учење и за онлајн настава, и институционално, но и индивидуално.** |

| Подрачје 4: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ |
|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** |
| • Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>• Раководењето во училиштето е на високо задоволително ниво. Во раководниот и во управниот орган има правична застапеност на мажи и жени. Јасно се дефинирани надлежностите за управување и административните задачи.<br>• Во раководниот тим се вклучени и подрачните училишта преку своите преставници – раководители на подрачните училишта.<br>• Раководниот тим редовно се состанува за решавање на тековни прашања, а исто така и соработува со сите фактори во училиштето во размена на идеи, сугестии и предлози.<br>• Со сите главни одлуки и ориентации на училиштето запознаени се наставниците, учениците и родителите. |

- Директорот има јасна визија за развој на училиштето, учењето и постигањата на учениците се во фокусот на училишните активности и директорот одржува високо коректен и фер однос со учениците и родителите.
- Нашето училиште има изработено четиригодишна Програма за развој на училиштето во која се јасно дефинирани приоритетите на работењето и според која успешно се реализираат целите според предвидената динамика.
- Училиштето постојано ги планира и обезбедува материјално-техничките средства, додека постоечките нагледни средства континуирано се одржуваат и оптимално се користат.
- Во рамките на можностите од училиштето се обезбедуваат средства колку што се може максимално за да им се удоволи на вработените.
- Училиштето во последните 2 години самостојно иницира и реализира проекти со што значително ја подобрува нагледноста и обезбедува дополнителен потрошен материјал за вработените.
- Транспарентност од работењето на училиштето се постигнува преку запознавање на вработените на училиштето, членовите на одборот, советот на родители и локалната самоуправа.

**СЛАБИ СТРАНИ**

- Недоволна вклученост на сите наставници во проекти за обезбедување наставни средства и потрошен материјал.
- Недоволна снабденост со современи нагледни средства.
- Немање спортска сала за наставата по ФЗО во Лескоец).
- Немање просторија за целодневен престој.
- Стара фасада, влез и настрешница во училиштето во Лескоец.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ**

**(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето)**

- **Да се наоѓаат начини за обезбедување потрошен материјал во потребна количина за работата на наставниците во училиштето.**
- **Да се подобри нагледноста во училиштето преку изготвување и реализирање проекти, но во тоа да се вклучуваат сите наставници, а не само некои.**
- **Да се соработува со надлежни институции, донатори, субјекти, да се направат проекти и да се реализираат приоритетите за настрешници, фасада, реконструкција на влез, спортски терени и спортска сала.**

**Подрачје 5: КОМУНИКАЦИСКИ ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**ЈАКИ СТРАНИ**

- Родителите и учениците добиваат информации за наставните планови и програми на првата родителска средба.
- Учениците од нашето училиште, а со тоа и самото училиште, се афирмираат преку повеќе активности.
- Родителите редовно и континуирано се известувани за напредокот на учениците во текот на целата учебна година.
- Личните постигања на учениците се промовираат на различни начини, преку индивидуалните и групните достигнувања на нашите ученици, презентирајќи ги во локалните електронски медиуми и портали, како и во локалните телевизии.
- Изготвена е нова Веб страна со поддршка од проектот Еразмус+, која редовно се ажурира и имаме одлична промоција на училишните активности.
- Заради квалитетот на точките добиваме покана за учество на манифестации организирани од Локалната Самоуправа.
- Нашето училиште учествува на многу натпревари, на некои е и организатор, а секоја година настапува на свечената академија по повод Денот на училиштето „Светозар Маркович“, Лесковац, Р. Србија.

| СЛАБИ СТРАНИ |
|---|
| • Недоволно самоиницијативно споделување извештаи и докази од страна на некои наставници на ФБ страната или училишниот меил, заради хранење на веб страната и промовирање на училишните активности. |
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ**<br>**(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето)** |
| ➢ **Секоја активност што се прави со учениците во рамки на училишето (посета на институција, учество на натпревар, успех и сл.), наставникот непосредно после истата самоиницијативно да ја документира и сподели на ФБ групата или да ја испрати на училишен меил.**<br>➢ **Да се продолжи со ажурирање на новата Веб страна и со промоција на училиштето на медиуми.** |

| Подрачје 6: УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА |
|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** |
| • Училиштето во своето долгогодишно работење има изградено свој углед и важи за високо угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование.<br>• Училиштето ги негува принципите на мултикултурализам.<br>• Училиштето се грижи за безбедност и правилен развој на учениците.<br>• ООУ „Ванчо Николески“ има и збратимено училиште и партнер училиште со кои остварува заеднички активности.<br>• ООУ „Ванчо Николески“ од оваа година е вклучено во 2 Еразмус+ проекти кои ќе траат следниве две години.<br>• Со Куќен ред и правила за однесување на учениците, наставниците и стручните соработници во училиштето, како и родителите се дефинирани правата и обврските на вработените и учениците во поглед на однесувањето во училиштето па и надвор од него. Изготвени се Кодекс за однесување на ученици, Кодекс за однесување на родители и Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници, кои се истакнати во наставничките канцеларии и сите училници, како во централното, така и во подрачните училишта.<br>• Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот.<br>• Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол и верска припадност, социо-економски и емоционален развој.<br>• Педагошките мерки за учениците се регулирани со Статутот на училиштето.<br>• Односот помеѓу наставниците воглавно се темели на взаемно почитување и соработка.<br>• Односот на учениците кон други ученици со различни способности (и во училиштето во Лескоец и во подрачните училишта), секогаш се базира на почитување и помагање на учениците со посебни потреби.<br>• За справување со проблемите со недисциплинирани ученици, училиштето секогаш превзема навремени и советодавни разговори на релација: УЧЕНИК – ОДДЕЛЕНСКИ РАКОВОДИТЕЛ – ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА СЛУЖБА – ДИРЕКТОР – РОДИТЕЛ, а доколку има потреба се постапно изрекуваат и педагошки мерки.<br>• Во последните две години намалени се проблемите со ученици во однос на минатото.<br>• Учениците се информираат за некои активности и задачи кои се планираат, а се од нивен интерес, па потоа зависно содржина и карактерот може да се вклучат во нивното остварување и донесување одлуки, преку разни наставни и вонннаставни активности.<br>• Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и им се укажува на родителите и тие да ги почитуваат.<br>• Изготвен е Кодекс за однесување на родители и истакнат на јавно место. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** |

| |
|---|
| • Само дел од наставниците се вклучуваат во проектите и работилниците со ПМИО.<br>• Не сите ученици целосно ги знаат и практикуваат правата и обврските на учениците. |
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ**<br>**(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето)** |
| ➢ **Сите наставници да се вклучуваат во активности од ПМИО.**<br>➢ **Да се обработуваат правата и обврските на учениците секоја година, на различен и ефективен начин да се потсетуваат учениците за истите.**<br>➢ **Да се обезбеди почитување на Кодексите за однесување на сите структури од сите структури.** |

| **Подрачје 7: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА** |
|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** |
| • Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучуваат во образованието на своите деца и во животот во училиштето преку низа активности.<br>• Има разни форми во последниве години на вклучување на родителите во животот на училиштето (ЗГПНУ – Родителот е наставник, базари, работилници за украсување и сл.)<br>• Родителите генерално се задоволни од вклученоста во животот и работата на училиштето.<br>• Нашето училиште е отворено за соработка со сите релевантни надворешни субјекти.<br>• Училиштето постојано соработува со локалната средина, со останатите локални институции, како и со другите училишта во градот. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** |
| • Недоволно вклучување од страна на сите родители во активностите, животот и работата на училиштето.<br>• Локалната самоуправа делумно се вклучува во подобрување на условите во училиштето. |
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ**<br>**(Приоритети во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето)** |
| ➢ **Вклучување на сите родители во активностите, животот и работата на училиштето, од страна на сите наставници, а не само од некои и исти (организирање заеднички работилници со родителите и учениците).**<br>➢ **Поголемо вклучување на Локалната самоуправа во подобрување на условите за работа на училиштето (она што е во нејзини ингиренции), посебно во реализација на приоритетите.** |

**КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СЕУ:**

1. Весна Терзиоска – педагог

2. Александра Трпеска – психолог

3. Билјана Танеска – раководител на ПУ Косел

4. Елисабета Настоска – наставник по англиски ј.

5. Викторија Лазароска - родител